# Статистичко истражување за цени на угостителските услуги

Ц_Ц.31_М_МК_2022_12

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за туризам, внатрешна трговија и услуги | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Златко Мирчевски | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Помлад соработник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| zlatko.mircevski@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00389 2 3295662 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 311336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 03/07/2023 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 03/07/2023 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
| 03/07/2023 | |
| **3** | **Статистичка презентација** |
| | |

| 3.1 | Опис на податоците |
|---|---|
| Индекси на цени на угостителски услуги (вкупно, храна, алкохолни пијалаци, безалкохолни пијалаци и ноќевања). | |
| **3.2** | **Систем на класификации** |
| Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2. | |
| **3.3** | **Опфат на сектор/и** |
| I/3 - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (оддел 55 и оддел 56). | |
| **3.4** | **Статистички концепти и дефиниции** |
| Цените на угостителските услуги се оние цени по кои угостителските објекти ги продаваат своите услуги поврзани со храна, пијалаци и сместување. Во цените е вклучен и ДДВ. Цените на угостителските услуги го мерат нивото на цените на мало остварени во угостителските објекти (хотели, мотели и ресторани) во периодот на снимањето на цените (помеѓу 18 и 20 за тековниот месец). | |
| **3.5** | **Статистичка единица** |
| Известајни единици: сниматели на цени на мало. Единици на набљудување: репрезентативно одбрани угостителски услуги со целосно дефиниран квалитет и квантитет. | |
| **3.6** | **Статистичка популација** |
| Статистичка популација се 65 производи, т.е. угостителски услуги, во 27 избрани угостителски објекти (вкупно 1499 производи, т.е. услуги). | |
| **3.7** | **Референтна област** |
| НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија) | |
| **3.8** | **Временска покриеност** |
| Од јануари 1984 година. | |
| **3.9** | **Базен период** |
| 2021=100. | |
| **4** | **Единица на мерење** |
| Индекси. | |
| **5** | **Референтен период** |
| Месец. | |
| **6** | **Институционален мандат** |
| | |
| **6.1** | **Законски акти и други договори** |
| НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА<br><br>Закон за државна статистика („Службен весник на Република Македонија” бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.31/20) (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) | |

Програма за статистички истражувања, 2018-2022 („Службен весник на РМ“ бр.22/18,224/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/20 и 300/20.) https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8

| 6.2 | **Споделување на податоци** |
|---|---|

Не е применливо.

| 7 | **Доверливост** |
|---|---|

| 7.1 | **Доверливост - политика** |
|---|---|

1.Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) .

2.Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост (https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf) .

| 7.2 | **Доверливост - третирање на податоците** |
|---|---|

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) и Политиката за доверливост (https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf) , индивидуалните податоци не се објавуваат.

При објавувањето на податоците од ова истражување на агрегирано ниво, не се јавува потреба за дополнително третирање на податоците заради обезбедување статистичка доверливост.

| 8 | **Политика за објавување** |
|---|---|

| 8.1 | **Календар на објавување** |
|---|---|

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопшгтенија, кој се ажурира квартално.

| 8.2 | **Пристап до Календарот на објавување** |
|---|---|

http://www.stat.gov.mk/Kalendar_nov.aspx

| 8.3 | **Кориснички пристап** |
|---|---|

Сите корисници имаат истовремено (или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување.

Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија “ на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

| 9 | **Фреквенција на дисеминација** |
|---|---|

Месечна.

| 10 | Достапност и јасност |
|---|---|

| 10.1 | Соопштенија |
|---|---|

Во согласност со Стратегијата за дисеминација (https://www.stat.gov.mk/Dokumenti/strategii/StrategijaDiseminacija2014-2016mak.pdf) , соопштенијата се објавуваат месечно, и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето:„Соопштенија“ https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=5&rbr=13876

| 10.2 | Публикации |
|---|---|

Месечен статистички извештај

Статистички годишник, 2022

| 10.3 | Онлајн база на податоци |
|---|---|

База на податоци МАКСтат - Цени

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

| 10.4 | Пристап до микроподатоци |
|---|---|

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели“. (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22) .

| 10.5 | Друго |
|---|---|

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби.

| 10.6 | Документација за методологијата |
|---|---|

Методолошките објаснувања се објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика. http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=5&rbrObl=15

| 10.7 | Документација за квалитетот |
|---|---|

| 11 | Управување со квалитет |
|---|---|

| 11.1 | Обезбедување на квалитетот |
|---|---|

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2) и Рамката за оценка на квалитетот

во рамките на Европскиот статистички систем (ESS Quality Assusrance Framework--https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf) .

Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 4б и член 4в (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) .

| 11.2 | Оценка на квалитетот |
|---|---|

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM).

Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и доследност на податоците.

| 12 | Релевантност |
|---|---|

| 12.1 | Потреби на корисниците |
|---|---|

Податоците за индексите на цените на угостителските услуги се користат и од страна на бизнис заедницата и од страна на Владата: - како економски индикатор: Индексите ги покриваат ценовните движења со што се овозможува да се предвидат соодветните промени во цените во угостителството. Тие може да се јават како почетен индикатор на инфлациските притисоци во економијата. Овие податоци се користат при формулирањето на фискалната и монетарната политика. - како дефлатор на други економски серии: Индексите се користат за да се прилагодат другите економски временски серии на промените на цените.

| 12.2 | Задоволство на корисниците |
|---|---|

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за мерење на задоволството на корисниците https://www.stat.gov.mk/pdf/Anketa2019.pdf

| 12.3 | Комплетност |
|---|---|

Сите нивоа на агрегација на индексите на цените на угостителските услуги се пресметуваат и објавуваат на национално ниво.

Комплетност на податоците на национално ниво = 100%.

| 13 | Точност и веродостојност |
|---|---|

| 13.1 | Севкупна точност |
|---|---|

Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците.

| 13.2 | Примерочни грешки |
|---|---|

Истражувањето се спроведува на намерно избран примерок и не се врши мерење на примерочни грешки.

## 13.3 Непримерочни грешки

**Грешки во опфатот:** Се обезбедува 100% опфат. Снимателите на цени навреме се потсетуваат за исполнување на својата обврска.

**Грешки во спецификацијата:** При промена на спецификацијата се врши усогласување на базната цена.

**Грешки во обработката:** Во апликацијата за обработка се имплементирани правила за контроли и пресметки на излезните податоци.

**Грешки во неодговорот:** Со оглед на обезбедениот целосен опфат, грешки во неодговорот нема.

## 14 Навременост и точност

### 14.1 Навременост

T+5

### 14.2 Точност

Податоците се објавуваат на денот, што е утврден (најавен) во Календарот за навременост.

## 15 Кохерентност и споредливост

### 15.1 Географска споредливост

Постои географска споредливост на дисеминираните податоци на национално ниво, односно податоците се споредливи на НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија).

### 15.2 Временска споредливост

Од јануари 1984 година, временска серија на месечни податоци (претходна година=100). Број на референтни периоди во временската серија - 456.

### 15.3 Меѓудоменска кохерентност

Не е испитана меѓудоменската кохерентност.

### 15.4 Внатрешна кохерентност

Внатрешна кохерентност на податоците е обезбедена, податоците се контролираат и анализираат во процесот на производство.

## 16 Трошок и оптовареност

Не се пресметува.

## 17 Ревизија на податоците

### 17.1 Политика за ревизија на податоците

Ревизијата на податоците се прави во согласност со Политиката за ревизија на ДЗС: (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=25)

| 17.2 | Практика за ревизија на податоците |
|---|---|

Не е применливо, нема ревизија на податоците во ова СИ.

| 18 | Статистичка обработка |
|---|---|

| 18.1 | Извори на податоци |
|---|---|

Цените на угостителските услуги се снимаат во избрани угостителски објекти, хотели со ресторани, мотели со ресторани и ресторани, во периодот од 18 до 20 во месецот. Цените се снимаат од листата на јадења по кои се продаваат на денот на снимањето на цените. Примерокот опфаќа 65 производи, т.е. угостителски услуги, во 27 избрани угостителски објекти (опфатени се вкупно 1499 производи, т.е. услуги). Единечните мерки по кои се снимаат цените се наведени на самиот образец и се вообичаени за одредените производи и услуги.

| 18.2 | Фреквенција на прибирање податоци |
|---|---|

Месечна.

| 18.3 | Прибирање на податоците |
|---|---|

Податоците се прибираат со помош на овластените сниматели, вработени во регионалните одделенија за статистика кои го пополнуваат статистичкиот прашалник: „Цени на угостителски услуги“ (Ц.31). Статистичките прашалници се во електронска форма и се доставуваат со електронска пошта најдоцна до 27 во месецот.

| 18.4 | Проверка на податоците |
|---|---|

Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. Проверка на податоците од страна на овластените сниматели се врши пред и по внесувањето во електронскиот прашалник. За отстапувањата непосредно се контактираат снимателите на цени. Проверка се врши како на просечните цени на ниво на земјата, така и на готовите индекси пред нивното објавување.

| 18.5 | Компилирање податоци |
|---|---|

Едитирање: Пристигнатите податоци од овластените сниматели на цени, по проверката и евентуалната корекција во консултација со нив, се внесуваат на електронски медиум преку апликација со вградени on-line контроли. После внесот, повторно се врши контрола, при што се споредуваат цените со претходниот месец и се проверува логичноста и точноста на просечните цени. Пондери: Индексите на цените на угостителските услуги се пресметуваат по пат на пондерирање на индексите на цените со структурата на вредностите на услугите реализирани во угостителските објекти, според годишните податоци од тромесечното истражување за угостителството УГ.11 во базната година. На почетокот на секоја година се врши корекција на пондерите со просечниот годишен индекс.

| 18.6 | Прилагодување |
|---|---|

Не се врши прилагодување на временската серија и сезонско прилагодување на податоците.

| 19 | Коментар |
|---|---|
| Нема коментар. | |
| **А.1** | **Анекси** |
| | |